**ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

**ИНСИГ МАКЕДОНИЈА А.Д. СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

**ЗА 2015 ГОДИНА**

СКОПЈЕ, 2016 год.

## А. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Назив на Друштвото:**

**Друштво за осигурување Инсиг Македонија А.Д., Скопје**

Седиште : бул.Св.Климент Охридски 58б ½-4 Скопје

Адреса на интернет: www.insig.com.mk

Телефон: 02 3215 515

Факс: 02 3215 517

Е маил : info@insig.com.mk

**Правен статус**

Матичен број: 5737796

Сопственост: Приватна

Претежна дејност: 65.12 Неживотно осигурување

Големина на субјект: Голем

**Систем на управување: Двостепен**

**Членови на надзорен одбор :**

**Спиро Брумбули,** председател на Надзорен одбор –дипломиран економист од Р.Албанија

**Артур Метани,** подпредседател независенчлен – дипломиран правник од Р.Албанија

**Саимир Тола,** член на надзорен одбор, дипломиран математичар од Р.Албанија

**Ервин Мете,** член на надзорен одбор, дипломиран економист од Р.Албанија .

**Танас Џилари**, независен член на надзорен одбор, дипломиран математичар од Р.Албанија

**Членови на Управен одбор :**

**Аслан ДАШИ**, Председател на Управен Одбор

**Орхан Хасан,** член на Управен Одбор

**Хелена Штрбац,** член на Управен Одбор

**Генерален Директор: Аслан ДАШИ**

**Хронолошки развој на друштво**

Основање на Друштвото: 08.03.2003 година

Проширување на дејноста проширување на класите на осигурување :

2004 година

Зголемување на основачкиот влог :

2008 година

ДО ИНСИГ Македонија на Македонскиот пазар перзистира како Акционерско Друштво со единствен Акционер Институт за осигурување ИНСИГ АД Тирана.

На 31 декември 2015 година акционерскот капитал на Друштвото се состои од 3,000 обични акции со номинална вредност од 1,000 ЕУР по акција. Секоја акција има право на еден глас, на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата од ликвидационата, односно стечајната маса.

Сопственик на 100% од акциите на Друштвото е INSIG Sh.a. Tirana, Албанија.

Единствениот Акционер Институт за осигурување INSIG Sh.a. Tirana со седиште во Тирана на адреса : **Rruga e Kavajes nr. 116, Tirana, Albania** е во државна сопственост на Р.Албанија односно е под директна ингеренција на Министерство за Финансии Албанија.

Друштвото за осигурување ИНСИГ Македонија во Р. Македонија има мрежа на продажни места филијали и тоа вкупно 34 распространети низ следниве градови

1. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Куманово со седиште на ул. 11-ти Октомври, Локалитет Црвен Крст, Парцела 14618, Зграда Бр. 1, Вл. 2, Ст. 7, Приземје,
2. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Куманово 2 со седиште на ул. Железничка бр. 24, Куманово,
3. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Тетово со седиште на ул. ЈНА бр.28/4, Тетово,
4. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Тетово 2, со седиште на ул. Мехмед Паша Дарила бр. 115, Тетово,
5. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Тетово 3 со седиште на ул. Љубо Божиновски Пиш бб, Тетово,
6. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Гостивар, со седиште на ул. Илинденска бб, Гостивар,
7. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Прилеп со седиште на ул.Маршал Тито бр.14В Прилеп.
8. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Охрид, со седиште на ул. Туристичка бр.6 Охрид,
9. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Кичево, со седиште на бул.Ослободување бр.36, бр.на зграда1, А2, влез3, приземје.
10. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Битола, со седиште на бул. 1-ви Мај бр.146 Битола.
11. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Кавадарци, со седиште на ул. Цано Поп Христов бр. 7, Кавадарци,
12. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Дебар, со седиште на ул. 8-ми Септември бб, Дебар,
13. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Кочани, со седиште на ул. Теодосие Паунов бр.1 Кочани,
14. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Струмица, со седиште на ул. Ленинова бр. 108, Струмица,
15. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Гевгелија, со седиште на ул. Влатко Кантарџиев бр. 10, Гевгелија,

16. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Пехчево, со седиште на ул. Борис Кидрич бр.6 Пехчево,
17. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Струга, со седиште на ул. Пролетерски бригади бр.10, Струга,
18. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Штип, со седиште на ул. Партизански бб- ТЦ Дујле лок. 12, Штип,
19. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Свети Николе со седиште на Плоштад Илинден Свети Николе,
20. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Ресен, со седиште на ул. Јосиф Јосифовски бр.1 влез 1 приземје Ресен,
21. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Скопје 2-Чаир, со седиште на ул. 7-ма Албанска Бригада, Скопје,
22. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Скопје 3, со седиште на ул. Крсте Арсенов бр. 12/2-1, Чаир, Скопје,
23. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Гостивар 2, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 104/2/6 Гостивар,
24. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Неготино, со седиште на ул.Ацо Аџиилов бб, Неготино,
25. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Демир Хисар со седиште на ул. Битолска бб, Демир Хисар,
26. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Битола 2, со седиште на ул.Лазо Трпковски бр.7,Битола,
27. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Кавадарци 1, со седиште на ул. Западен Булевар бр.129 Кавадарци,
28. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Велес, со седиште на ул.Асном бр.9 Велес,
29. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Гостивар 3, со седиште на ул.Илинденска бр.272,Гостивар,
30. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Скопје 1 Центар, со седиште на бул.Св.Климент Охридски 58В, зграда/1, влез2-кат-приземје бр.1, 1000 Скопје-Центар,
31. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Скопје 4 Маџари, со седиште на Бул. Александар Македонски бр.9 лок.39 Скопје,
32. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Скопје 5 Арачиново, со седиште ул. 1 бр.186 згр.2 влез 1 к.приземје бр.1 с.Арачиново Скопје.
33. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Скопје 6 Синѓелиќ , со седиште на ул.Јужноморавски Бригади бр.3А Ченто– ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ.
34. Друштво за осигурување ИНСИГ-МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Подружница Тетово 4 с.Желино, со Адреса бр.бб с.Желино Тетово.

Во текот на 2015 година беа донесени голем број одлуки и интерни Правилници.

**Управен одбор на друштвото на редовните седници има усвоено:**

1. Одлука за почетна резерва по класи 10.02.2015
2. Одлука за усвојување на провизиски стапки 25.02.2015

3. Одлука за неревидиран финансиски извештај и финансиски извештај 27.02.2015
4. Одлука за годишен извештај и годишен извештај 31.03.2015
5. Одлука за усвојување на правилник за следење, процесуирање и наплта на неплатена премија
6. Одлуки донесени по препораки дадени од АСО 01.10.2015
7. Методолигија за ВИ Анализа 06.10.2015
8. Методологија за анализа , оценка и справување со ризици за осигурување на информатичкиот систем на друштвото.06.10.2015
9. Одобрување на процес на креирање и чување на резервни копии на податоци 06.10.2015
10. Одука за определување на почетна резерва по класи 25.11.2015
11. Одлуки согласно препораките дадени од АСО 25.11.2015
12. Правилник за определување на почетна резерва по класи односно во рамките на класите на осигурување 25.11.2015
13. Извештај од ВИ Анализа 27.11.2015
14. Стратегија за обезбедување на стратегија во работа 27.11. 2015
15. План за континуитет во работење на деловно подрачје 27.11.2015
16. План за континуитет во работење на ИТ системите 27.11.2015
17. План за работа 2016, програма за реосигурување и и управување со ризик 29.12.2015

Во текот на 2015 се донесени одлуки за организирање на подржници по претходно добиено одобрение од Надзорен одбор и др.

**Надзорен Одбор на друштвото на редовните седници има усвоено:**

1. Одлука за именување на член на управен одбор Мирче Николовски
2. Одлука за имнување на член на управен одбор Сања Ј.Атанасоска
3. Одлука за одобрување на буџет за 2016 година
4. Одлука за донесување на подетален план за внатрешна ревизија.

Во текот на 2015 година се донесени и други одлуки како одлуки за организирање на подружници, и др.

Инсиг Македонија работи во областа на осигурување и тоа во следниве класи на осигурување:

- **Класа 1**: Осигурувањето од последици на несреќен случај - незгода (вклучувајќи индустриски повреди и професионални заболувања), во случај на смрт или нарушување на здравјето поради повреда, покрива:
    - исплата на осигурената сума во еден целосен износ;
    - исплата на осигурената сума во рати;
    - комбинација на исплати од претходните два случаи;
    - исплата поради повреди, нарушување на здравјето или смрт на патници.

Дозволата за работа е издадена на 2003 година а Друштвото започна со работа во Јануари 2004 година.

- **Класа 3:** Осигурувањето на моторни возила (каско) ги покрива штетите за:
    - моторни возила со сопствен погон, освен шински;
    - влечни патни возила.

Дозволата за работа е издадена на 2003 година а Друштвото започна со работа во Јануари 2004 година .

- **Класа 5:** Осигурувањето на воздухоплови (каско) ги покрива штетите настанати на воздухоплови.

Дозволата за работа е издадена на 26.05.2004 година а Друштвото започна со работа во 2004 година.

- **Класа 7:** Осигурувањето на стока во превоз (карго) ги покрива штетите или губиток на стока во превоз, вклучувајќи го багажот, без оглед на видот на транспортот**.**

Дозволата за работа е издадена на 26.05.2004 година а Друштвото започна со работа во 2004 година.

- **Класа 8:** Осигурувањето на имот од пожар и природни непогоди ги покрива штетите или губитоци на имот (освен штетите на имот предвидени со точките од 3 до 7 од овој член) во случаи на:
    - пожар,
    - експлозија,
    - луња,
    - природни непогоди освен луња,
    - земјиште што тоне или се лизга.

Дозволата за работа е издадена на 2003 година а Друштвото започна со работа во Јануари 2004 година.

- **Класа 9:** Други осигурувања на имот ги покрива штетите или губитоци на имот (освен штетите на имот предвидени со точките од 3 до 7 од овој член) поради град или мраз, и други штети освен оние од точка 8 од овој член (на пример во случај на кражба).

Дозволата за работа е издадена на 15.03.2012 година а Друштвото започна со работа во Март 2012 година .

- **Класа 10:** Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила.

Дозволата за работа е издадена на 2003 година а Друштвото започна со работа во Јануари 2004 година.

- **Класа 11:** Осигурувањето од одговорност од употреба на воздухоплови ги покрива штетите настанати од употреба на воздухопловот вклучувајќи ја одговорноста на сопственикот.

Дозволата за работа е издадена на 26.05.2004 година а Друштвото започна со работа во 2004 година .

- **Класа 12:** Осигурувањето од одговорност од употреба на пловни објекти ги покрива штетите настанати од употреба на пловните објекти вклучувајќи ја одговорноста на сопственикот.

Дозволата за работа е издадена на 26.05.2004 година а Друштвото започна со работа во 2004 година .

- **Класа 13:** Општо осигурување од одговорност го покрива осигурувањето од други одговорности освен оние од точките од 10 до 12 од овој член.

Дозволата за работа е издадена на 30.01.2012 година а Друштвото започна со работа во 2012 година .

- **Класа 18:** Осигурување на туристичка помош за лица кои се соочуваат со проблеми при патување или други случаи на отсуство од дома или од постојаното место на живеење.

Дозволата за работа е издадена на 26.05.2004 година а Друштвото започна со работа во 2004 година .

**Општо економско опкружување**

Компанијата своите активности ги сведува само на пазарот во Р.Македонија па во таа смисла економското опкружување кое треба да биде анализирано е Македонскиот пазар и куповната моќ на нашите граѓани.

ИНСИГ Македонија А.Д. Скопје во текот на 2015 година, своето работење односно дејноста ја обавуваше следејќи ги сите економски сигнали од надворешното окружување.
Постигнатите цели од нашето работење во 2015 година, упатуваат на грижа за рационално и наменско користење на расположливите средства, динамична усогласеност на изворните приходи и други приливи и зајакнато управување со ликвидноста на краток и среден рок
Во услови на стеснување на просторот на нашето работење и ограничени можности за поголемо проширување на дејноста, ИНСИГ Македонија А.Д. Скопје, со својата стратегија, спроведе активности за рационализација на оперативните трошоци и зголемување на трошковната ефикасност, со што придонесе континуирано одржување на тековната ликвидност. Вложувавме напори за одржување на довербата, охрабрувајќи ги комитентите да продолжат со соработка со Друштвото.

**Деловна политика и цели на Друштвото**

- Консолидација и зголемување на имиџот на ИНСИГ Македонија А.Д. на осигурителниот пазар во Македонија, како компанија со квалитетни продукти и конкуретни со цена.
- Приоритет на продажбата на доброволните продукти, и во согласност со потребите на клиентите.
- Намалување на административните трошоци.

- Зголемување на добивката на компанијата и едновремено поголемо учество на осигурителниот пазар.
- Добра соработка со финансиските институции како и со Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Националното биро за осигурување и ревизорските куќи.
- Континуирана едукација во доменот на осигурувањето на агентската мрежа и на вработените.

**За реализација на поставените цели од страна на целата структура на компанијата, ќе се работи интензивно за :**

- Консолидација и проширување на продажната мрежа создавајќи нови продажни канали, во согласност со најновите состојби на пазарот и во согласност со актуелните правни акти.
- Зголемување на квалитетот на услугите за големите осигуреници и исто така интензивирање на контактите со актуелните и потенцијални клиенти.
- Интезивна реклама и маркетинг.
- Воведување на нови осигурителни продукти,
- Брза и коректна обработка  на оштетните побарувања, како еден од најбитните елементи на маркетингот.

**Предности**

- Професионална екипираност, способен во секое време да ги процени потребите на своите клиенти, почнувајќи од превземање во осигурување и се до коректна завршна обработка на оштеното побарување.
- Продукти дизајнирани (посебно а/о плус) во согласност со потребите на клиентите, оправдани, вредни и од нивна страна разбирливи.
- Полиси со одредени упатства, со Услови кои се разбирливи за клиентите и дистибуирани во потребно време.
- Лични контакти и квалитетна услуга.

**Продажба - Главни показатели за 2015 година**

Продажната мрежа на Друштвото е организирана да обезбеди достапност на осигурителната понуда до клиентите преку разновидни дистрибутивни канали, со цел да биде секогаш во чекор со потребите на пазарот. Тоа е искусна и обучена мрежа на продавачи, но и канал којшто обезбедува прилив на нови застапници и ширење на опфатот на пазарот, а за таа цел во текот на 2015 година беа

организирани и десетина тренинзи и обуки на новите и постоечките застапници и истите воглавно се здобија со потребните знаења и вештини. Секторот продажба и маркетинг ја покрива и потреба на пазарот на клиентите кои бараат компаративни понуди преку осигурителните брокери, банки, туристички агенции и други партнери. Во 2015 година сите сегменти на продажбата покажаа зацврстување на позициите и развој кој што ќе обезбеди пораст во наредниот период. Остварувањето на плановите за продажба, наплатата на премијата, зголемувањето на бројот на застапници, јакнење на продажната мрежа и зачувување на добриот имиџ на осигурителниот пазар беа главните цели во 2015 година. Споредено со минатата година остварен е пораст на полисирана премија од 2,92 % или полисираната премија за 2015 година изнесува 197.070.170,00 денари додека за 2014 година изнесуваше 191.481.985,00 денари.

Главни показатели од продажбата за 2015 во споредба со 2014 година се:

**Бруто полисирана премија:**

| ПРОДУКТИ | 2015 | 2014 | 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| **Задолжителни** | **177.661.833** | **173.118.170** | **102,62%** |
| Автоодговорност | 142.456.596 | 139.944.249 | 101,80% |
| ЗеленаКарта | 32.713.734 | 30.628.983 | 106,81% |
| Граничноосигур. | 1.963.298 | 2.166.953 | 90,60% |
| Патнициво Ј.П. | 528.205 | 377.986 | 139,74% |
| **Доброволни** | **19.408.336** | **18.363.815** | **105,69%** |
| Имот | 3.867.948 | 4.644.801 | 83,27% |
| Незгода | 6.177.241 | 4.229.644 | 146,05% |
| Каско | 3.459.958 | 3.429.662 | 100,88% |
| ЗПО | 5.228.281 | 5.127.562 | 101,96% |
| АвтоодговорностПлус | 72.450 | 64.032 | 113,15% |
| ЦМР | 253.917 | 374.531 | 67,80% |
| СтокавоТранспорт | 64.973 | 19.903 | 326,45% |
| Одговорност | 283.568 | 473.680 | 59,86% |
| **Вкупно** | **197.070.170** | **191.481.985** | **102,92%** |

**Учество на полисирана премија по класи на осигурување:**

Најголемо учество во полисираната премија има осигурувањето од автомобилска одговорност и истото учествува со 90,15 % (2014: 90,41 %) од вкупната полисирана премија, потоа осигурувањето од незгода со 3,13 % (2014:2,21%), имот 1,96 % (2014:2,43%), каско 1,76 % (2014:1,79%) и останати видови на осигурувања со 3% (2014:3,16%).

**Задолжителни осигурувања: Автоодговорност, Зелена Карта, Гранично Осигурување и Патници во Јавен Превоз**

Задолжителното осигурување е главен извор на приходите од осигурување. Од стратегијата за целосна застапеност во Македонија и примена на начинот на стимулирање на агентите за 2015 година се реализира бруто полисирана премија во износ од 197.070.170 мкд, односно 91,28 % од планираниот износ за 2015 година, а споредено со премијата за 2014 година

забележува пораст од +2,92%. И покрај тоа што имаме пораст на задолжителните осигурувања за +2,62% сепак учеството во вкупната полисирана премија изнесува 90,15% што во споредба за 2014 година имаме пад на учеството од -0,26%. Од задолжителните осигурувања најголем пораст имаме кај патници во јавен превоз за 39,74 % или за 2015 година вкупно полисираната премија изнесуваше 528.205,00 денари , додека за 2014 година истата изнесуваше 377.986,00 денари, кај зелената карта порастот за 2015 година изнесува 6,81%, кај автомобилската одговорност порастот изнесува 1,80%.

**Доброволни продукти**

**Имот**

Премиите за имотно осигурување за деловната година 2015 изнесуваат 3.867.948 мкд, односно 53,69 % од планираниот износ за 2015 година, во споредба со 2015 година имаме намалување за 16,73 индексни поени (2014: 4.644.801 денари). Како причини за таквиот резултат ќе го истакнеме следното:

- Драстично намалување на премиските стапки од страна на некои компании за осигурување при јавно наддавање за имотното осигурување како резултат на негативното надавање каде единствен критериум за избор на најповолен понудувач е најниска цена (електронска аукција).
- Големо отстапување на премиските стапки од тарифата од конкурентските компании.
- Неможноста на нашата компанија да конкурира на тендери од причина што не ги исполнуваме потребните услови.
- Фронтинг осигурувањето кое зафаќа добар дел од бизнисот.

**Незгода**

Премиите за осигурување на Незгода за деловната 2015 година изнесуваат 6.177.241 мкд, што преставува зголемување за 46,05% во споредба со 2014 година.

**Каско осигурување**

Премиите за каско осигурување за деловната година 2015 изнесуваат 3.459.958 мкд, односно 68,26% од планираниот износ за 2015 година, приближно на исто ниво на реализација во споредба со 2014 година. Како причини за ваквиот резултат ќе го истакнеме следното:

- Исклучување на ризикот кражба односно лимитната политика на нашето друштво при прием во осигурување со вклучен ризик кражба.

- Примена на ниски премиски стапки од страна на некои компании и во комбинација со осигурително покритие без франшиза, односно целосно фаворизирање на продажбата без франшиза.
- Лимитиран прием во осигурување за ПМ возила со вредност поголема од 50.000 ЕУР немање,

**Здравствено патничко осигурување**

Здравственото патничко осигурување како продукт е многу атрактивен на осигурителниот пазарот и од тие причини и конкуренцијата е многу активна. Како главен дистрибутивен канал се користи продажбата преку туристичките агенции. Конкуренцијата нуди поголеми провизиски стапки за овој канал на продажба кои достигнуваат од 35-40% од премијата. Премиите за осигурување за здравствено патничко осигурување за деловната 2015 година изнесуваат 5.228.281 мкд, односно 61,90% од планираниот износ за 2015 година, додека во споредба од претходната година имаме пораст од 1,96 индексни поени што пред се се должи на превземените дејствија за поголема соработка со туристичките агенции. Како причини за ваквиот резултат ке го истакнеме следното:

- Ниски премиски стапки кои се нудат од компаниите, а особено за Грција и за Бугарија.
- Здравствено патничко осигурување без франшиза за било која зона. Во нашата компанија истото е со задолжителна франшиза во секој штетен настан од 50 ЕУР во денарска противвредност.
- Некои компании за време на туристичката сезона овој продукт го даваат гратис ако ја купааат полиса по автоодговорност.
- Спонзорства на ТА при изготвување на каталози и брошури.

**Дистрибутивни канали на продажба**

- Главните дистрибутивни канали се продажбата преку лиценцирани застапници од страна на Агенцијата за Супервизија на осигурувањето, продажба преку осигурителни брокерски друштва , туристички агенции и нашите филијали.

- Во 2015 година продажбата преку осигурително брокерски друштва изнесуваше 22.360.126 мкд или 11,3% од вкупната полисирана премија на Друштвото.

- Актуелно со Стопанска банка имаме договор за соработка, со што се надмина проблемот со винкулираните полиси на нивно име.

## Технологија и заштита на лични податоци

Друштвото го следи трендот на технологијата и информатичката технологија па така во таа смисла опремени сме со висококвалитетна технологија која ги подржува програмите за он – лине продажба, он-лине пријава ан штета , посебен програм за обработка на штетите, програм за следење на судските предмети како и посебни програми за финансии.

Инсиг Македонија има правилници како интерни акти и воспоставено односно преземени се соодветно техничко организациони мерки за заштита на лични податоци и нивната обработка и тоа Серверите се поврзани со енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување, лозинките се менуваат на 30 дена и должината на лозинките е минимут 8 карактеристики, по 3 неуспешни обиди за поврзување системот се блокира, по изминување на 15 минути неактивност потои автоматско одјавување односно се заклучува десктопот. Се користи хардверска и софтверска заштита мрежна бариера помеѓу локална и надворешна мрежа , инсталирани се програми за анти вирус, анти спајвер и анти спам заштита, интернет конекцијата е заштитена со мрежна бариера. Само администраторот на базата на податоци има директен пристап до базата во која се наоѓаат податоците, постојат лозинки за итни ситуации постои бекап документирана стратегија и многу други преземени технички мерки.

## Организациона структура

Инсиг Македонија на 31.12.2015 година има вкупно 90 вработени и 39 застапници во осигурување согласно регистерот на застапници на Инсиг АД Скопје. Друштвото со својата организациона структура прецизно ги дефинира правата и одговорностите на сите вработени, како и линиите на контрола и проверка при секојдневното извршување на задачите, со присутна одговорност за ефикасно и ефективно управување.

Инсиг Македонија располага со квалификуван кадар од областа на Осигурувањето, Правото, Економијата, кој се стреми за нудење на поголем квалитет на услугите за осигурување, востановување воедначена пракса за постојните пакети на осигурување што ќе значи чување на традиција но и воспоставување на нови новини и новитети во осигурувањето како би биле интересни и конкурентни на пазарот.

Организационата структура на Друштвото е како што следи:

***Прилог 1 Организациона структура***




**Состојба на 31.12.2015**

**1. Вкупно вработени 90**

**а. Централа 29 вработени**

**б.Подружници 61 вработени**

## ШТЕТИ

### Пријавени и исплатени штети

Во изминатата 2015 година бројот на пријавени и повторно отворени штети е е за 1.9 % помал во однос на 2014 година, т.е. 1449 е вкупниот број на пријавени штети во 2015 година. Во доле дадената табела се прикажува овој однос за пријавени штети 2015/2014:

| Бр. | Производ | 2015 | 2014 | 2015/2014 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | АО | 1187 | 1104 | 108 % |
| 2 | ЗПО | 17 | 28 | 61 % |
| 3 | ИМОТ | 36 | 37 | 97 % |
| 4 | КАСКО | 100 | 129 | 78 % |
| 5 | НЕЗГОДА | 109 | 179 | 61 % |

Нето исплатените штети во за 2015 година во вкупен се за 12 % поголеми во однос на 2014 година, односно во 2015 година се исплатени штети во висина од 80.346.233 мкд. За класата на осигурување по автоодговорност која е најзастапената класа на осигурување во нашиот портфел имаме зголемување за 17 % на исплатените штети за 2015 во однос на 2014 година, но имаме намалување на исплатени штети во 2015 година кај ЗПО за 98%, кај каско осигурување за 43 %, и кај незгодата за 1%.Но поради штетите од земјоделие, кај класата имоти имаме зголемување за 3787% на исплатените штети.

Следи табела на исплатените штети во 2015 година според нашите продукти.

| Бр. | Производ | 2015 | 2014 | 2015/2014 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | АО (01) | 62.805.831,00 | 53.597.995,00 | 117% |
| 2 | ГРАНИЧНО (11) | 43.207,00 | | - |
| 3 | ЗК (10) | 11.024.885,50 | 9.327.947,50 | 118% |
| 4 | ЗПО (12) | 30.900,50 | 1.876.465,00 | 2% |
| 5 | ИМОТ (03) | 1.487.315,00 | 39.269,00 | 3788% |
| 6 | КАСКО (02) | 2.057.601,00 | 3.836.660,00 | 54% |
| 7 | НЕЗГОДА (05) | 2.896.493,00 | 3.247.028,00 | 89% |
| | **ВКУПНО** | **80.346.233,00** | **71.925.364,50** | **112%** |

## Резерви за штети

Резервите за настанатите и пријавените штети (RBNS) и настанати и непријавени штети (IBNR), се пресметани ви согласност со интерните правила на друштвото за осигурување во врска со штетите и Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и за 2015 година се во износ од **117.813.588** МКД (2014: 123.675.014 МКД).

Структурата на шетите во резерва според продуктите за 2015 год. се дадени во следната табела:

| **Продукти** | **RBNS** | **IBNR** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| НЕЗГОДА | 1.471.826 | 2.031.604 | 3.503.430 |
| ИМОТ | 200.035 | 52.752 | 252.788 |
| ЗПО | 117.611 | 119.437 | 237.049 |
| АО | 58.093.589 | 37.307.358 | 95.400.947 |
| Зелена Карта | 5.958.607 | 10.792.165 | 16.750.772 |
| Одговорност | 0 | 181.013 | 181.013 |
| Каско | 1.242.766 | 244.823 | 1.487.589 |
| **Вкупно** | **67.084.435** | **50.729.153** | **117.813.588** |

IBNR е калкулиран во согласност со актуарските методи и за 2015 година изнесува **50.729.153** мкд, односно за 5,61 % поголем износ во однос на 2014 година. Во следната табела е дадена структурата на штети

| **Продукти** | **2015** | **2014** | **2015/2014 год** |
|---|---|---|---|
| | **IBNR** | **IBNR** | **%** |
| НЕЗГОДА | 2.031.604 | 1.833.743 | 110,79% |
| ИМОТ | 52.752 | 90.672 | 58,18% |
| ЗПО | 119.437 | 84.656 | 141,09% |
| АО | 37.307.358 | 34.710.517 | 107,48% |
| Зелена Карта | 10.792.165 | 10.864.063 | 99,34% |
| Одговорност | 181.013 | 204.413 | 88,55% |
| Каско | 244.823 | 247.422 | 98,95% |
| **Вкупно** | **50.729.153** | **48.035.486** | **105,61%** |

## Технички резултат од работењето по класи за 2015 година

**ИНСИГ МАКЕДОНИЈА АД**

## Технички резултат од работењето по класи за 2015 година

| Р/Број | Н А З И В | Каско осигурување | Зелен картон | Гранични полиси | Автоодговорност | ЦМР | Осигурување на имот | Одговорност | Карго | Лични незгоди | Здравствено осигурување | Осигурување на патници | Автоодговорност ПЛУС | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бруто полисирана премија | 4.907.022 | 32.713.734 | 1.963.298 | 137.011.020 | 253.917 | 3.867.948 | 283.568 | 64.973 | 10.175.754 | 5.228.281 | 528.205 | 72.450 | **197.070.170** |
| 2 | Бруто полисирана премија предадена во реосигурување | - | 5.630.090 | - | 1.861.640 | - | 1.832.568 | - | - | - | - | - | - | 9.324.298 |
| 3 | Промена во бруто резервата за преносна премија – дел за реосигурување | - | - | - | - | - | (202.817) | - | - | - | - | - | - | (202.817) |
| 4 | Промена на преносната премија | (21.885) | 148.168 | 53.887 | 1.320.845 | (59.464) | (375.294) | (56.269) | (7.798) | 1.371.237 | 98 | 71.153 | 2.952 | 2.447.628 |
| 5 | **НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРЕМИЈА (1-2+ 3-4)** | **4.928.907** | **26.935.476** | **1.909.411** | **133.828.536** | **313.381** | **2.207.858** | **339.837** | **72.771** | **8.804.517** | **5.228.183** | **457.052** | **69.498** | **185.095.428** |
| 6 | Останати осигурително технички приходи, намалени за реосигурување | 98.842 | 658.949 | 39.546 | 2.759.797 | 5.115 | 77.912 | 5.712 | 1.309 | 204.969 | 105.313 | 10.640 | 1.459 | 3.969.562 |
| 7 | Останати приходи | 18.343 | 122.289 | 7.339 | 512.169 | 949 | 14.459 | 1.060 | 243 | 38.039 | 19.544 | 1.975 | 271 | 736.680 |
| 8 | **ВКУПНО ПРИХОДИ (5+6+7)** | **5.046.092** | **27.716.715** | **1.956.297** | **137.100.502** | **319.444** | **2.300.228** | **346.609** | **74.323** | **9.047.525** | **5.353.040** | **469.667** | **71.228** | **189.801.669** |
| 9 | **ТРОШОЦИ ЗА ШТЕТИ** | **1.306.729** | **9.368.929** | **65.655** | **60.281.314** | **-** | **39.933** | **(23.400)** | **-** | **2.378.733** | **510.061** | **-** | **-** | **73.927.953** |
| а | Бруто исплатени штети | 2.094.200 | 11.055.192 | 65.655 | 65.798.904 | - | 1.497.474 | - | - | 2.980.283 | 406.475 | - | - | 83.898.182 |
| б | Промена на резервација за Настанати, пријавени и неисплатени штети | (784.871) | (1.614.364) | - | (4.005.628) | - | (1.419.622) | - | - | (799.412) | 68.805 | - | - | (8.555.092) |
| в | Промена на резервација за Настанати и непријавени штети | (2.600) | (71.899) | - | 2.596.841 | - | (37.919) | (23.400) | - | 197.862 | 34.781 | - | - | 2.693.666 |
| г | Намалување за приходот од бруто реализирани регресни побарувања | - | - | - | 4.108.803 | - | - | - | - | - | - | - | - | 4.108.803 |
| 10 | **ПРОМЕНИ ВО БРУТО ЕКВИЛИЗАЦИОНАТА РЕЗЕРВА** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | **-** |
| 11 | **ПРОМЕНИ ВО останатите бруто технички резерви** | | | | | | | | | | | | | - |
| 12 | **Трошоци за попусти (кои не зависат од резултатот)** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **6.083** | **-** | **-** | **-** | **6.083** |
| 13 | **ТРОШОЦИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ** | **879.083** | **6.575.905** | **677.838** | **32.358.809** | **59.571** | **932.699** | **59.351** | **15.130** | **1.794.550** | **1.974.659** | **100.468** | **14.137** | **45.442.199** |
| а | Провизија | 165.428 | 1.687.395 | 351.163 | 12.453.747 | 14.000 | 410.171 | 38.618 | 2.468 | 417.446 | 1.076.790 | 31.262 | 3.533 | 16.652.022 |
| б | Останати трошоци за стекнување | 875.556 | 5.837.087 | 350.310 | 24.446.773 | 45.306 | 690.155 | 50.597 | 11.593 | 1.815.652 | 932.878 | 94.247 | 12.927 | 35.163.082 |
